Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

Потпис,

**Архивски број:** 04 – 5922/8
**Датум:** 21 05 **2021 година**

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници (”Сл. весник на Р.М.” бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и ”Сл.весник на РСМ” бр.275/19 и 14/20), државниот секретар, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас број 02/2021 за унапредување на административен службеник во Министерство за култура**

1. Кандидатот **Фросина Ѓоршовска,** по пат на интерен оглас број 02/2021 се избира за работно место **УПР 01 01 Б02 000 Раководител на сектор за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права** -1 извршител
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2021 со архивски број 04-5922/3 од 07.05.2021 година.
3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 18-3488/2 од 01.04.2021 година државниот секретар до одделението за управување со човечки ресурси упати барање со архивски 04-5922/1 од 07.05.2021 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерство за култура. Интерниот оглас број 02/2021 за унапредување на еден (1) административен службеник во Министерство за култура е објавен на веб страната на Министерството како и на веб страната на Агенцијата за администрација на ден 11.05.2021 година. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на државниот секретар со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник со архивски број 04-5922/5 од 19.05.2021 година, направи административна селекција на пријавениот кандидат за наведеното работно место кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за

административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за култура. Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас за број 02/2021 за унапредување на административен службеник со архивски бр. 04- 5922/6 од 20.05..2021 година, Записник од спроведување на интервју за унапредување на административен службеник на работно место од категорија Б со архивски бр. 04-5922/7 од 20.05.2021 година и изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основа на ранг листа државниот секретар донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваната.

**Правна поука**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,
Valmir Aziri

Доставено до:
-именуваниот/та;
-Одделение за управување со човечки ресурси

Подготвил:И.Стевковска
Одобрил: С.Стојановиќ